Референтен број: 0507-151

**Предмет:**
Барање за доставување на понуди за ангажирање на (2) двајца експерти за подготовка на Анализа за типот на податоци што ги собираат министерствата и институциите, во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката". Проектот е финансиран од Европската Унија, преку програмата за грантови „Поддршка на граѓанското општество", во рамки на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР) 2021.

***Почитувани,***

Здружението Асоцијација за демократска иницијатива (АДИ), Ве поканува да доставите понуда за испорака на услуги за подготовка на Анализа за типот на податоци што ги собираат министерствата и институциите, во рамки на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката".

1. Понудата доставена од **физички лица** треба да ги содржи следниве информации:

- Прилог 1. Кратка биографија;
- Прилог 2. Предлог методологија на работа;
- Прилог 3. Изјава за ексклузивност и достапност;
- Прилог 4. Образец за финансиска понуда

**Дополнителни прилози:** Најмалку два труда/анализи од слични работни ангажмани на експертот.

2. Понудата доставена од **правни лица** треба да ги содржи следниве информации:

- Тековна состојба на добавувачот не постара од 6 месеци;
- Кратка биографија на двајца експерти (Прилог 1);
- Понудена методологија (Прилог 2);
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (Прилог 3).
- Финансиска понуда (Прилог 4);
- Преглед на реализирани услуги (Прилог 5);
- Предложени експерти (Прилог 6);
- Потпишана изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач (документ во прилог, прилог 7);

**Дополнителни прилози:** Најмалку два труда/анализи од слични работни ангажмани на предложените експерти или правното лице.

**Забелешка:* Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од добавувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оригиналот“.

Понудата се доставува во затворен коверт до архивата на Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ (бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар). На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За тендер Реф. Бр. 0507-151“ позицијата за која аплицирате, експерт, и текстот "Да не се отвора пред сесијата за евалуација”. Докумените во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со печат и потпис од одговорното лице.

Во случај на доставување на понудата по електронски пат, целокупната скенирана докуменација се доставува на следната е-пошта: anastasija@adi.org.mk

Краен рок на доставување на понудите е 14 дена од објавување на повикот, но не подоцна од 02.05.2023, 16:00 часот.

Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.